2003



МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ-СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

БИЛТЕН НА МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2003



Музеј на современата уметност - Скопје
Работно време:
Вторник - Сабота 10.00 - 17.00
Недела 9.00 - 13.00
Музејот е затворен за посетители во понеделник и за време на државни празници.
Библиотеката е отворена секој работен ден од 9.00 - 14.00
Информации:
Тел. (++ 389 2) 311 77 34; 311 7735
Факс: (++ 389 2) 311 01 23
e-mail: moca@ sonet.mk
e-mail: moca@mt.net.mk
Адреса:
Музеј на современата уметност - Скопје
Самоилова бб, п.ф. 482, 1000 Скопје
Република Македонија

Музејот денес мора да биде место каде се толкува стварноста. Тој по дефиниција претставува јавен дискурс, јавна активност и јавна атракција. Уметноста, велеше Шозо Учи, еден од големите светски архитекти, не се создава поради музеите. Таа постои поради луѓето. Ние мораме на уметноста да и го вратиме животот. Рамносилно на ваквата директива на времето, днес ние мораме да го вратиме животот во музеите. Оттаму, јас се залагам за отворен музеј, жив музеј што пулсира во ритмот на стварноста, музеј како место на симболична размена на уметничките и културните вредности, места на интеракција меѓу минатото и сегашноста, локалното и глобалното, националното и универзалното, но и како место на јавни собири и конкретна културна акција каде се поттикнува отворен дијалог со јавноста за сите актуелни прашања.
Целта на јавното објавување на информациите за годишната дејност на Музејот, вклучувајќи го и јавниот увид во финансиското работење на институцијата, е исполнување на обврската за отчет и одговорност на Музејот кон граѓаните кои преку буџетот на државата ни ги довериле на располагање своите средства. Се надеваме дека на овој начин ќе ја поттикнеме одговорноста и на останатите институции кон остварувањето на своите обврски кон граѓаните, како што тоа, впрочем, е пракса насекаде во цивилизираниот свет.
Во текот на 2003 година во Музејот на современата уметност - Скопје беа реализирани триесет (30) проекти (изложби, перформанси, филмски проекции и манифестации). Од дваесет и две (22) изложби реализирани оваа година, десет (10) беа финансирани од Министерството за култура на РМ согласно Годишната програма. Надвор од редовната програма на МСУ, беа организирани дванаесет (12) изложби, финансирани од други извори. Четири (4) изложби од Годишната програма, финансирани од страна на Министерството за култура, ќе бидат реализрани во текот на следната година. Средствата добиени за три (3) изложби беа пренаменети за да се реализираат други проекти како што се *Божилак над Њујорк* во Њујорк и *Концептуалниот дискурс во македонската ликовна уметност* во Скопје.
Од вкупниот број реализирани изложби, три (3) беа самостојни претставувања на македонски автори, осум (8) изложби беа од странство, беа организирани две (2) тематски изложби на дела од колекцијата на МСУ, две (2) едукативни изложби, дванаесет (12) групни изложби на уметници од земјата и странство, три (3) студиски изложби и една (1) монографско ретроспективна изложба. Музејот учествуваше во организацијата на два (2) проекта во странство, и тоа: Биенале во Венеција, 50-та интернационална изложба, *Соништа и судири, Диктатура на гледачот* и *Божилак над Њујорк,* десет млади македонски уметници, Галерија Горк, Линколн Центар, Њујорк , САД.
Оваа година, иако се побарувани наменски средства за музејско работење, тие не се одобрени. Не беа финансирани примарната конзервација и реставрација на дела што ги поседува Музејот (МСУ поседува една од најголемите колекции на Балканот и тоа 4. 860 уметнички дела од 1.760 автори од 61 земја), едукацијата која е исто така еден од најважните сегменти во музејското работење (наспроти ова, од сопствени извори, МСУ ја постави едукативната изложба ПОП АРТ и организираше воркшоп со изложба на трудови од деца и млади *Нешто помеѓу,* со посета од цела Македонија) и аквизициите на уметнички дела со кои се пополнува колекцијата (наспроти што обезбедивме околу триесет донации). Иако Музејот е еден од најквалитетните издавачи на дела од областа на современата уметност во Македонија, оваа година не беа одобрени наменски средства за издавачка дејност. Сепак, Музејот го продуцираше издавањето на две значајни публикации, и тоа, монографијата за творештвото на Душан Перчинков и зборникот со текстови за концептуалната уметност *Идеја-тека.*
Оваа година во Музејот беа изложени делата на 93 актуелни уметници од земјава и светот, меѓу кои и светски познати автори кои ја одбележаа уметноста на крајот од 20. и почетокот на 21. век, како што се Рајнхард Муха, Георг Херолд, Мартин Хонерт, Олаф Метцел, Томас Шите, Херман Пиц, Хане Дарбовен, Олга Тобрелуц и Жења Шеф.
Според сите релевантни показатели и аналитички согледувања, Музејот, и оваа година, успешно ја реализира својата програма.

в.д. Директор, МСУ
М-р Емил Алексиев
*25.12 2003*



**Михаел Шефер**, Германија, 40 фотографии, Скопје, МСУ 17 декември 2002 - 17 јануари 2003, Скопје, МСУ, фоаје

Михаил Шефер (1953) е значаен германски автор кој со фотографијата почнал да се занимава од 1979-80. Неговото фотографирање на реалноста се развива од ситуации што емотивно го ангажираат. Сликите од 1990-91 кои се претставени на оваа изложба, прв пат беа објавени 1991 под наслов *Покривка и овошје, Атлас*.







***Град-Река-Земја***, Германија, во соработка со ИФА од Штутгард и Гете Институтот од Белград, Скопје, МСУ 04 февруари - 10 март, сала 1-2
Изложбата е реализирана во соработка со Институтот за меѓународни културни односи (ИФА) од Штутгарт и претставува тематски проект составен од дела на шест реномирани претставници на современата германска уметност: Рајнхард Муха, Георг Херолд, Мартин Хонерт, Олаф Метцел, Томас Шите и Херман Пиц, кои се претставуваат со слики, скулптури, објекти и комплексни инсталации. Изложбата ги тематизира социо-културните прашања, феномените на масовното општество, формите на претставување и слични проблеми сместени во општиот комплекс на прашања сврзани за природната околина и постиндустриското општество. Печатен е каталог со текстови за творештвото на авторите, каталошки и биографски податоци. Изложбата ја отвори кураторот на овој проект проф. Тилман Остервалд.












***Денес*** (четири млади македонски уметници), Скопје, МСУ, 18 март - 31 март, сала1
Изложбата е реализирана со СОРОС Центарот за современи уметности, Скопје и претставува годишен конкурс за награда на млад ликовен уметник. На изложбата се претставени четири номинирани автори со свои инсталации. Авторите Славица Јанешлиева, Ирена Паскали, Ана Стојковиќ и Андреј Митевски, кои учествуваа во овој проект, се избрани според предлозите на македонските ликовни критичари. Печатен е каталог со текст со експликација за условите за доделувањето на наградата "ДЕНЕС", биографски и каталошки податоци за учесниците и шест репродукции во боја.







***Друга визија***, Олга Тобрелуц, Жења Шеф, Новица Трајковски и Јован Балов, Скопје, МСУ 24 март - 20 април, сала 2
Изложбата е реализирана во соработка со *Прима центар*, Скопје и *Фондацијата Штарке*, Берлин. На изложбата се претставени четири уметници: Јован Балов и Новица Трајковски од Македонија, Олга Тобрелуц и Жења Шеф од Руската Федерација. Овој проект првично е поставен во Палатата на лавовите во Берлин (17-30 јнуари 2003, Foreign Visions, Löwenpalais, Berlin). Печатен е каталог со предговор од м-р Емил Алексиев, каталошки и биографски податоци и 35 репродукции во боја.







***Поп Арт***, едукативна изложба од колекцијата на МСУ, 04. април - 12 мај, сала 1
Едукативно-дидактичка изложба наменета за сите возрасти, но со посебна програма за работа со млади и деца. На изложбата се претставени дела од колекцијата на МСУ на големи светски имиња како и домашни автори (Џ. Џонс, Д. Хокни, А. Титоне, Т. Шијак и др.). Печатен е каталог со предговор, каталошки податоци и 11 репродукции во боја



**Тања Миљовска: "Внатрешно сонце",** самостојна изложба, Скопје, МСУ, 24 април - 10 мај, сала 2
Самостојна изложба на авторка од помладата генерација. На изложбата беа презентирани 46 масла на платно и 46 цртежи. Печатен е каталог со предговор и интервју со авторот, биографски, каталошки податоци и 40 репродукции во боја.







***Биенале на младите уметници***, Скопје, МСУ, 22 мај - 12 јуни, сала 1, 2 и 3
На ова 6-то Биенале на младите уметници се претставени 50 македонски автори, група студенти од Факултетот за ликовни уметности во Скопје - гости на Биеналето, како и македонски уметници кои творат надвор од Македонија. Ова Биенале ги претставува уметниците присутни на ликовната сцена во изминатиов период, а повеќе простор им отстапува на претставниците на најмладата генерација, со можност да се видат и нови автори од целата земја. Гости на Биеналето беа и студентите од Академијата за ликовни уметности во Минхен, Германија. Печатен е каталог со текстови од повеќе автори, биографски и каталошки податоци за уметниците, 81 репродукција во боја



***Нешто помеѓу*, едукативна изложба**, Скопје, МСУ, 23 мај, фоаје
Изложбата е реализирана од Одделот за едукација на МСУ. Претставени се дела на деца и млади од градинки, основни и средни училишта изработени во рамките на специјална програма за работа на Музејскиот Практикум. Како составен дел на овој проект е организирана и модна ревија на млади креатори. Печатен е каталог со предговор, список на учесници и 32 фотографии во боја.




***Премин***. Вана Урошевиќ, **Биенале во Венеција. 50-та интернационална изложба. *Соништа и судири. Диктатура на гледачот***, Venecia, Campo Santo Stefano, San Marko 2776

Учеството на Р. Македонија на јубилејното Биенале во Венеција во организација на МСУ и Уметничката галерија. МСУ го реализира проектот на Вана Урошевиќ. Печатен е каталог со текстови од м-р Емил Алексиев и Вана Урошевиќ, биографски податоци и репродукции во боја. Отпечатен е и прилог на публикацијата со авторски текстови на м-р Ана Димишковска Трајановска, д-р Анета Серафимова, д-р Јадранка Владова, д-р Марија Ралева, д-р Маја Бојаџиевска и Дијана Томиќ и фотографии на авторките во оригинални облеки од проектот на Вана Урошевиќ.

Проектот на Вана Урошевиќ *Премин. Шест женски лика му помагаат на Казанова да избега од затворот* го деконструира митот за Казанова. Ѓовани Ѓакомо Казанова (1725-1798) е авантурист и заводник, но и писател, алхемичар, член на масонска ложа, познавач на кабалата и теургијата, влијателен учесник во политички заговори. Познат по своите љубовни авантури, како и по многубројните опасни доживувања, контроверзен и харизматичен, тој од својот живот прави илузионистички спектакл. Обвинет за практикување на магија, тој е затворен во Венција, во затворот *Под покривите од олово*. Неговото спектакуларно бегство од оваа зандана е настан за кој говори цела Европа. Од Венеција Казанова заминува за Париз каде отвора фабрика за свила. Во фабриката на Казанова е создаден матаријалот за овој сон. Одеждите од свила ги носат ликовите кои што се сонуваат, за да бидат потоа облечени и во стварноста. Ликовите кои во стварноста ги носат овие одежди, чувствуваат обврска да му се оддолжат на Казанова.











***Божилак над Њујорк***, дест млади македонски уметници, Галерија Горк, Линколн Центар, Њујорк , САД
Во Горк галеријата, којашто е дел од Линколн центарот, во Њујорк, претставени се делата на десет македонски уметници. Оваа изложба на дела од Сергеј Андреевски, Јана Куновска, Маја Џартовска, Јасминка Новковска, Страхил Петровски, Микица Трујкановиќ, Марјана Костојчиновска, Наташа Милованчев, Роберт Дандаров и Горазд Поповски претставува обид пред публиката во Њујорк да се представи дел од македонската ликовна сцена. Проектот е организиран во соработка со Asolare Fine Arts Academy и Сергеј Андреевски, координатор на оваа асоцијација за Европа. Печатен е каталог со предговор од м-р Емил Алексиев, список на учесници и 10 фотографии во боја.







***Хане Дарбовен***, смостојна изложба, Германија, во соработка со ИФА од Штитгард и Гете Институтот од Белград .26 јуни - 16 јулу, сала 1
Самостојна изложба на една од најзначајните припаднички на германската генерација уметници кои во шеесетите и седумдесетите години на XX век ги создаваа основите на концептуалната уметност. Нејзиното творештво има силно влиание врз сите главни текови на уметноста денес.
Изложбата е реализирана во соработка со ИФА од Штутгарт и Гете институтот од Белград.





***Видеотрафик,*** видео арт, Франција, во соработка со Француския културен центар во Скопје и АФАА од Париз, Скопје, МСУ, 11- 12 јуни
комесар: Александар Поласон (Видео програма на 15 уметници кои живеат во Франција). Изложбата за прв пат е претставена 2002 год. во киното *Лимиер* во Лондон.






**Визии 01**, Нова модна фотографија, , (Бану Сенетоглу, Маркус Жанс, Морган Ле Гал, Кристијан Лезман, Емануел Мафиј, Франсоа Русо, Даниел Стиер, Камиј Вивие) Франција, во соработка со Францускиот културен центар во Скопје и АФАА од Париз, Скопје, МСУ, 08 јули - 22. август
Неодамна се појави една нова генерација на фотографи, создавајќи еден нов стил. Движејќи се од галериите на современата уметност или уметничките центри до страниците на модните списанија, кршејќи ги кодовите на сликата, приближувајќи се до кионематографските техники и нумеричките манипулации, поигрувајќи се со светлината, формите и звуците, архитектурата и дизајнот, баналното и префинетото, тие творат, следат или му претходат на еден вистински нов животен стил.




**Од колекцијата на МСУ** (донирани дела), Скопје, МСУ, 26 јули - 26 август
Изложбата е организирана по повод годишнината на скопскиот земјотрес (1963-2003) и денот на солидарноста. Прикажан е дел од највредните дела од колекцијата на Музејот. Изложбата со свое пригодно излагање ја отвори д-р Борис Петковски. Печатен е проспект со генерални податоци за Музејот и неговата колекција.







***Насмевка молам***, изложба на фотографии, Германија, во соработка со ИФА од Штутгард и Гете Институтот од Белград, Скопје, МСУ, 22 август - 22 септември, сала 3
Изложба на фотографии од Фото-студиото "Матези" формирано 1945. Изложените фотографии од 1945 (кога е формирано студиото) до 1993 година овозможуваат препознавање на една секогаш поинаква социјална структура и континуирано следење на промените во општествените текови во тој подолг период. Изложбата е организирана во соработка со ИФА од Штутгарт и Гете институтот од Белград.

**Ричард Харден: *Во полето на афионите***, самостојна изложба, САД, Скопје, МСУ, 26 август - 26 септември, сала 2
Делата на Ричард Харден се потресно сведоштво за војните на балканските простори. Работени врз основа на реални фотографии, тие претставуваат впечатливи слики преземени од колективната меморија на балканските народи. Острите резови во ткивото на реалноста нé воведуваат во крвавиот простор на ужасот, болката и самоуништувањето, нé воведуваат во полето на афионите и метафоричните предели на смртта. Овие дела, според њујоркшкиот критичар Лукас Брнајс Хелд, ја следат традицијата на сликарите како што се Џон Неш, Вилијам Орпен, Ото Дикс и Макс Бекман, со стил, кој еден век претходно, го антиципира Франсиско Гоја.









**Јасмина Новковска: *Изгубени души***, самостојна изложба, Скопје, МСУ, 18 септември - 05 октомври, сала 1
Самостојна изложба на авторка од помладата генерација. Овој жесток, полемичен и провокативан проект ги санкционира актуелните состојби во Македонија и полемизира со идејата на глобализацијата во услови на рапидно губење на идентитетот. Печатен е каталог со изјава на авторот, предговор, биографски податоци и 45 репродукции во боја.

**Сашо Стојановиќ: *Филмски маратон***, самостоен проект, Скопје, МСУ, 30.09. - 15.10, кино сала на МСУ
Самостоен уметнички проект кој авторот целосно го посветува на филмската публика. Во рамките на изложбата презентирани се два видео арт филма: "Филмски маратон" и "Жарко и Марко". Печатен е плакат-каталог со текстови, 3 фотографии и 1 црно-бела репродукција





***Обединувачки подарок (од кабинетот на д-р Пафтал)***, Скопје, МСУ, 04. 10. - 14. 10, сала 3
Изложба - извештај за македонско-американската уметничка релација што се реализираше во јули 2003. во Скопје и Охрид преку проектот "Обединувачки подарок". На изложбата се презентирани фотографии, видео и акумулација на објекти. Печатен е плакат-каталог со текст на Лилјана Неделковска и фотографии од хепенингот. Изложбата ја отвори Лазо Плавевски.

**Душан Перчинков**, ретроспективна изложба, Скопје, МСУ 16 октомври - 12 ноември, сала 1 и 2
Монографско-ретроспективна изложба на еден од најзначајните македонски автори од постарата генерација којашто го опфаќа, за прв пат во интегрална форма, неговиот сликарски и графички опус создаден во периот од четириесет години. Душан Перчинков спаѓа меѓу клучните уметници во развојот на македонската уметност од втората половина на 20. век, а особено на графичката уметност, што ја издигнува на истоветно рамниште со сликарскиот и скулпторскиот медиум. Изложбата ги прикажува во ретроспективен преглед сите значајни етапи во развивањето на ликовниот концепт на Душан Перчинков. Печатена е монографија со текстови на Бојан Иванов, Соња Абаџиева и Зоран Петровски, биографски и каталошки податоци, фотографии и репродукции. Изложбата ја отвори Соња Абаџиева.











***Концептуалниот дискурс во македонската ликовна уметност***, Скопје, МСУ, 24 ноември - 14 декември,
Продолжувајќи со континуирана студиска обработка на историјата на современата македонска ликовна уметност овој проект овозможува да се согледа специфичниот македонски концептуален дискурс. Во обид да ги истражи, проучи и претстави корените и развитокот на многу појави во уметноста што беа дефинирани како алтернативни, кураторот на овој проект Соња Абаџиева, овој пат прави генерички пресек на концептуалниот исказ во Македонија. Претставени се 57 автори од различни генерации со 230 дела. Изложбата е богато документирана со релевентна документарна граѓа. Печатена е книга *ИДЕЈА-ТЕКА* (540 стр.) со студија за концептуалата и неоконцептуалната практика во Македонија и текстови на ликовни критичари илустрирана со фотографии и репродукции. Изложбата ја отвори д-р Љубомир Фрчковски.










WORLD PRESS PHOTO 2003, Скопје, МСУ, 17 декември 2003 - 10 јануари 2004 сала 1

Организацијата World Press Photo по трет пат, во континуитет од 2001 година, во МСУ ги претставува најдобрите светски фотографии. На годинешниов избор, што е најзначајниот годишен меѓународен натпревар за новинарска фотографија учествуваа 3.913 професионални фотографи од 118 земји. Наградените фотографии се објавени во публикацијата World Press Photo и се дел од изложбата што секоја година се прикажува во над 40 земји меѓу кои и Република Македонија. Изложбата е организирана во соработка со Македонскиот институт за медиуми и Амбасадата на Кралството Холандија. Печатен е каталог со помал обем со репродукции и кус текст за фотографијата. Изложбата ја отворија г-дин Мартен Куц и г-дин Михаило Лахтов.



***HOMMAGE*** (Мазев, Кондовски, Коцо, Лазески, Аврамова, Тодоровски, Пандилов Аврамовски и Мартиноски), Скопје, МСУ, 22 декември 2003 - 22 јануари 2004, сала 2

Изложба на дела од колекцијата на МСУ по повод одбележувањето на годишнините од смртта на неколку значајни македонски уметници чии дела оставија неизбришлива трага во историјата на македонската уметност. Музејот на овој начин ја изразува длабоката почит кон нивното творештво и нивниот придонес во градењето на македонската визуелна култура. Изложбата ја отвори д-р Борис Петковски со свое сеќавење за уметниците.







## ДЕЈНОСТ 2003



| | |
|---|---|
| ГОДИШНА ПРОГРАМА ФИНАНСИРАНА ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 1. *Град-Река-Земја,* Германија, во соработка со ИФА од Штутгард и Гете Институтот од Белград, Скопје, МСУ<br>2. *Друга визија*, Олга Тобрелуц, Жења Шеф, Јован Балов и Новица Трајковски, Скопје, МСУ<br>3. Тања Миљовска, самостојна изложба, Скопје, МСУ<br>4. *Биенале на млади уметници,* Скопје, МСУ<br>5. Вана Урошевиќ: *Премин*, Биенале во Венеција<br>6. *Хане Дарбовен*, смостојна изложба, Германија, во соработка со ИФА од Штутгард и Гете Институтот од Белград,. Скопје, МСУ<br>7. *Од колекцијата на МСУ* (донирани дела), Скопје, МСУ<br>8. Јасмина Новковска: *Изгубени души*, самостојна изложба, Скопје, МСУ<br>9. Душан Перчинков, ретроспектива, Скопје, МСУ<br>10. *Концептуалниот дискурс во македонската ликовна уметност,* Скопје, МСУ |
| ПРОЕКТИ ОД ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ШТО НЕ СЕ РЕАЛИЗИРАНИ | 1. Ирена Паскали, самостојна изложба, реализација 2004<br>2. Гоце Наневски, самостојна изложба, реализација 2004<br>3. Газамфер Бајрам, ( од 2002) самостојна изложба, реализација 2004<br>4. Петар Хаџи Бошков, самостојна изложба, реализација 2004 |
| ПРОЕКТИ ОД ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА КОИ СЕ ДОБИЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА А КОИ СЕ ПРЕНАМЕНЕТИ ЗА ДРУГИ ПРОЕКТИ | 1.Младен Стилиновиќ, самостојна изложба<br>2. Сергеј Андреевски, самостојна изложба<br>3. Раша Тодосијевиќ, самостојна изложба |
| ВОНПРОГРАМСКИ ПРОЕКТИ | 1. *Денес* (четири млади уметници, годишна награда), Македонија, во соработка со Центарот за современа уметност, Скопје, МСУ<br>2. *Поп Арт*, едукативна изложба од колекцијата на МСУ, Скопје, МСУ<br>3. *Нешто помеѓу*, едукативна изложба, Скопје, МСУ<br>4. *Видеотрафик*, видео арт, Франција, во соработка со Францускиот културен центар во Скопје и АФАА од Париз, Скопје, МСУ<br>5. *Божилак над Њујорк*, десет млади македонски уметници, во соработка со Asolare Fine Arts Academy, Горк галерија, Линколн центар, Њујорк, САД<br>6. *Визии 01*,модна фотографија, Франција, во соработка со Францускиот културен центар во Скопје и АФАА од Париз, Скопје, МСУ<br>7. *Насмевка молам*, изложба на фотографии, Германија, во соработка со ИФА од Штутгард и Гете Институтот од Белград, Скопје, МСУ<br>8. Ричард Харден: *Во полето на афионите*, самостојна изложба, САД, Скопје, МСУ<br>9. Сашо Стојановиќ: *Филмски маратон*, самостоен проект, Скопје, МСУ<br>10. *Обединувачки подарок (од кабинетот на Др. Пафтал)*, Скопје, МСУ<br>11. WORLD PRESS PHOTO 2003, во соработка со Македонскиот институт за медиуми и Амбасадата на Кралството Холандија Скопје, МСУ<br>12. *HOMMAGE* (Мазев, Кондовски, Коцо,Тодоровски, Лазески, Аврамова, Пандилов и Мартиновски) Скопје, МСУ |

**19.04. 2003,**
**Промоција на албумите *Мизар* и *Свјат dreams***, Мизар, сала 1 Скопје, МСУ, кино сала
***Гледајќи ја Германија***, филмски проекции, во соработка со Амбасадата на Република Германија (Роберто Роселини, Ален Рене, Жан Лик Годар) Скопје,
МСУ, кино сала
***Leve in Love***, анимиран филм, автор: Орде Стевановски, музика: Горан Трајановски, продуцент: Дарко Башевски

**14.05. 2003,**
Скопје, МСУ, кино сала
**Отворање на Аудиовизуелниот фестивал на француска опера** (во соработка со Арте), Француски културен центар
***Детето и волшепствата***, на Морис Равел

**15.05.2003,**
Скопје, МСУ, кино сала
***Пелеј и Мелизанд*** од Клод Дебиси

**16.05.2003,**
Скопје, МСУ, кино сала
***Офенбах во Париз*** со Ана Софи Мутер и под диригентска палка на Минковски (верзија снимена во Париз 2001 година.

**27. 05. 2003,**
**Мирослав Масин**, **BIRDAY,**
кусометражен филм, продуцент: В. Тодоров, Организатор: Т. Ангеловски, анимација на шпицата: Т. Тодоров, камера: Н. Хоџа, музика: Т. Китановски, монтажа: Љ. Ивановски-Лепи, автор: Мирослав Масин

**29.08. 2003,**
**ОПА и ИХА** (Денис Сарагиновски и Слободанка Стевчевска), видео арт проекција, МСУ Скопје, кино сала

**11.11-16.11. 2003,**
**PRO ARTS, Фестивал на македонската уметност**, Pro Arts Ltd., фоаје, кино сала, сала 1-2-3

**11. 11. 2003**
Работилница за Арт менаџмент
Филм ( експериментални кусометражни филмови)
ликовна изложба (стрип, фотографија, уметнички дела)
-Drum “n” bass session
-Game Over (Tech Squad)
-Darko Stepic (FireHouse Crew)

**12. 11. 2003**
работилница за моден дизајн
www.ProArts. com.mk - презентација
Rap session
- Sifrata
- Klan Istok
- Dzaka Nakot & Struja
-Ragga session
- Aleksandar Takovski

**13.11.2003**
Работилница за Арт менаџмент
-Blues session
-Juke Joint Express
-Techno session
-Lans
-Vaso

**14.11.2003**
Работилница за Арт менаџмент
Филм (експериментални кусометражни филмови)
Претстава *Провокација*
Rock session
- *Културно уметнички работници*
- Goa Trance session
- Waves of sound

**15. 11. 2003**
Работилница за Арт менаџмент
Филм *Тетовирање*
Модна ревија, *Лезет*
- студентите од студио *Ефтимов* & Никола Ефтимов
Jazz session
- Владимир Четкар Квартет
-Retro session
-Рубенс Муратовски

**РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ВО 2003**



1. ***Град-Река-Земја,*** Р.Муха, Г.Херолд, М.Хонерт, О.Метцел, Т.Шите, и Х.Пиц, Германија, во соработка со ИФА од Штутгард и Гете Институтот од Белград, Скопје, МСУ, 04.02. - 10.03. 2003, сала 1-2
2. ***Денес,*** И. Паскали, А. Митевски, А. Стојковиќ, С. Јанешлиева (годишна награда***),*** Македонија, во соработка со Центарот за современа уметност - Скопје, Скопје, МСУ 18.03 - 31.03. 2003, сала1
3. ***Друга визија***, Олга Тобрелуц, Жења Шеф, Новица Трајковски и Јован Балов, Скопје, МСУ 24.03. - 20.04. 2003, сала 2
4. ***Поп Арт***, едукативна изложба од колекцијата на МСУ, Скопје, МСУ 02.04. - 12.05.2003, сала 1
5. **Мирослав Масин**, **BIRTHDAY**, кусометражен филм, МСУ Скопје, кино сала, 27. 05. 2003
6. ***Тања Миљовска***, самостојна изложба, Скопје, МСУ, 22.04. - 10.05.2003 сала 2
7. ***Нешто помеѓу***, едукативна изложба и работилница, Скопје, МСУ
8. ***Биенале на млади***, Скопје, МСУ, 22.05. - 12.06.2003, сала 1, 2 и 3
9. ***Премин*, Вана Урошевиќ,** Биенале во Венеција, Венеција, јуни-октомври 2003
10. ***Божилак над Њујорк***, десет млади македонски уметници, Линколн Центар, Њујорк
11. ***Видеотрафик***, видео арт, Франција, во соработка со Францускиот културен центар во Скопје и АФАА од Париз, Скопје, МСУ, кино сала на МСУ, 11 - 12. 06.2003
12. ***Хане Дарбовен***, смостојна изложба, Германија, во соработка со ИФА од Штутгард и Гете Институтот од Белград, Скопје, МСУ,сала 1.26. 06 - 16.07. 2003
13. ***Визии 01*, Нова модна фотографија**, Франција, во соработка со Францускиот културен центар во Скопје и АФАА од Париз, Скопје, сала 3, МСУ , 08.07 - 22. 07.2003
14. ***Од колекцијата на МСУ*** (донирани дела), Скопје, МСУ, 26. 07 - 26.08
15. ***Насмевка молам***, изложба на фотографии, Германија, во соработка со ИФА од Штутгард и Гете Институтот од Белград, Скопје, МСУ, 22.08 - 22.09, сала 3
16. **ОПА и ИХА** (Денис Сарагиновски и Слободанка Стевчевска), проекција на видео арт, МСУ Скопје, кино сала, 29.08. 2003
17. **Ричард Харден: *Во полето на афионите***, самостојна изложба, САД, Скопје, МСУ, сала 2, 26.08. - 26.09. 2003
18. **Јасмина Новковска: *Изгубени души*,** самостојна изложба, Скопје, МСУ, сала 1, 18. 09. - 05.10. 2003
19. **Сашо Стојановиќ: *Филмски маратон***, самостоен проект, Скопје, МСУ, кино сала, 30.09. - 15.10. 2003
20. ***Обединувачки подарок***, Скопје, МСУ, 04. 10. - 20. 10. 2003
21. **Душан Перчинков,** ретроспектива, Скопје, МСУ, 16. 10. - 12. 11. 2003
22. **PRO ARTS, Фестивал на македонската уметност**, Pro Arts Ltd., фоаје, сала 1-2 - 3 и кино сала, Скопје, МСУ, 11. 11 - 16. 11. 2003
23. ***Концептуалниот дискурс во македонската ликовна уметност,*** Скопје, МСУ, 25.11- 15.12. 2003
24. **WORLD PRESS PHOTO 2003**, Скопје, МСУ, сала 1, 17. 12. 2003 - 10.01. 2004
25. ***HOMMAGE***, Петар Мазев, Димитар Кондовски, Димче Коцо, Димо Тодоровски, Никола Мартиновски, Димитар Пандилов Аврамовски, Борка Аврамова и Борко Лазески, Скопје, МСУ, 22. 12. 2003 - 22.01 2004

ПОДАРЕНИ ДЕЛА НА
МСУ-СКОПЈЕ ВО 2003
ГОДИНА:

**Милош Шобајиќ** (Франција)
1. *Место на голема опасност*, 2001
**Жења Шеф** (Русија)
1.Вечниот град, 2003
1.Долина на кралевите, 2003
**Томе Серафимовски** (Македонија)
1.Скопје 63, 1964
**Алберт Сулилу** (Франција/Шпанија)
1.Бомбардирање на Барцелона, 1937
2.На патот за Лерида, Каталонија, 1936
3.Народна кујна, 1945
4.Фабрика за хартија, 1944
5.Заштитници на Камарг, 1948
6.Планината *Ѕвезда* видени од Галиција, 1949
**Живко Стојменовски** (Македонија)
1.Композиција со маски, 2002
**Гоце Наневски** (Македонија)
1.Orintatia Systema, 2002
**Богоја Анѓелкоски** (Македонија)
1.Пловидба низ сонот, низ кругот..., 1993
**Новица Трајковски** (Македонија)
1.Средба, 2002
**Милчо Манчевски** (Македонија)
1.Повеќе дела од неговата концептуална активност, самостојно и во рамките на групата 1АМ
**Александар Станковски** (Македонија)
1.Приватна детективска агенција Берија, СРП Чекиќ, 1994 (2003)
**Љупка Делева** (Македонија)
1.Тишина vs звук, 1998
2.E-mail Diary, 1999
**Лазо Плавевски и Благоја Маневски** (Македонија)
1.Обединувачки подарок од Кабинетот на д-р Пафтал 1, 2003
2.Обединувачки подарок од Кабинетот на д-р Пафтал 2, 2003
**Миодраг Десоски** (Македонија)
1.Coca Cola, 1985 (2003)
**Предраг Урошевиќ** (Македонија)
1. Bass – 427, 1993
**Оливер Мусовиќ** (Македонија)
1.Претседателска палата, 2003
**Група "Zero"** (Македонија)
1.Видео лента подготвена од сликарот Миодраг Десоски (член на групата Зеро)
**Венко Цветков** (Македонија)
2 авторски видео арт реализации: "Видео ослободување" и "Аутопсија"
**Милош Коџоман** (Македонија)
1.ЦД од УФО перформансот во Младинскиот културен центар од 1974



**Алберт Сулилу** (Франција/Шпанија)
1. Народна кујна, 1945
2. Заштитници на Камарг, 1948



**Милчо Манчевски** (Македонија)
1.Повеќе дела од неговата концептуална активност, самостојно и во рамките на групата 1АМ



**Милош Шобајиќ** (Франција)
1. *Место на голема опасност*, 2001



**Жења Шеф** (Русија)
1.Долина на кралевите, 2003
2.Вечниот град, 2003







**Миодраг Десоски** (Македонија)
1.Coca Cola, 1985 (2003)

**Живко Стојменовски** (Македонија)
1.Композиција со маски, 2002






**Александар Станковски** (Македонија)
1.Приватна детективска агенција
Берија, СРП Чекиќ, 1994 (2003)



**Новица Трајковски** (Македонија)
1.Средба, 2002

**Предраг Урошевиќ** (Македонија)
1. Bass – 427, 1993



Рајнхард Муха, Георг Херолд, Мартин Хонерт, Олаф Метцел, Томас Шите, Херман Пиц, Славица Јанашлиева, Ирена Паскали, Ана Стојковиќ, Андреј Митевски, Олга Тобрелуц, Жења Шеф, Новица Трајковски, Јован Балов, Тања Миљовска, Марија Павловска, Марија Николовска, Марија Марковска,Марина Цветановска Мартиновска, Алпај Реџеп, Ирина Марковска, Гордана Даутовска Поповска, Ирина Јажева, Христијан Санев, Кристина Битракова, Александар Јовановски, Наташа Андонова, Соња Ѓорѓиева, Тања Таневска, Микица Трујкановиќ, Керол Чо, Марко Георгиев, Маја Џартовска, Ицко Петрески, Страхил Петревски, Марјана Костојчиновска, Радмила Ончевска, Сашо Поповски, Гоце Наневски, Сашо Саздовски, Андреј Митевски, Гордана Хаџи Николова, Анета Божинова, Љубомир Милошевски, Атанас Ботев, Емилија Божиновска, Фросина Цонева, Гордана Вренцоска, Крунослав Стојановски, Маја Кожул Стојановска, Билјана Стаменковска, Тихомир Топузовски, Стојче Тоциновски, Моника Десоска, Ирена Паскали, Марија Божиновска Џонс, Славица Јанешлиева, Борјан Зафировски, Антон Бошњак, Мануела Хартл, Герхард Милер, Лејла Пазооки, Јован Цветковски, Саша Орешковиќ, Александар Спасоски, В.С. Алберт, Волкер Ромел, Славомир Чапски, Давор Тоциновски, Игор Настевски, Методи Ангелов, Борис Шемов, Есад Хајдарпашиќ, Мирко Бојаџиевски, Бану Сенетоглу, Маркус Жанс Морган Ле Гал, Кристијан Лезман, Емануел Мафиј, Франсоа Русо, Даниел Стиер, Камиј Вивие, Мирослав Масин, Хане Дарбовен, Ричард Харден, Денис Сарагиновски, Слободанка Стефчевска, Јасмина Новковска, Сашо Стојановиќ, Лазо Плавевски, Душан Перчинков.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ



**Томе Серафимовски** (Македонија)
1. Скопје 63, 1964

## Преглед на средства финансирани од Буџет на РМ - Музеј на современата уметност "Скопје"

МКД

| р.б | Опис на приходи | 1<br>1994 год | 2<br>1995 год | 3<br>1996 год | 4<br>1997 год | 5<br>1998 год | 6<br>1999 год | 7<br>2000 год | 8<br>2001 год | 9<br>2002 год | 10<br>2003 год |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Вкупни приходи(2+3+4+5+6+7+8+9+10)** | 13.092.976,00 | 10.525.326,00 | 10.527.550,00 | 10.982.758,00 | 13.083.740,00 | 13.301.802,00 | 11.516.197,00 | 16.877.119,00 | 14.625.388,00 | 14.433.651,00 |
| 2 | Бруто плати | 6.429.389,00 | 6.562.305,00 | 6.443.141,00 | 6.351.940,00 | 6.399.203,00 | 6.310.654,00 | 5.819.566,00 | 5.446.805,00 | 6.150.186,00 | 6.957.985,00 |
| 3 | Надоместоци(храна и превоз) | 988.552,00 | 952.177,00 | 1.068.030,00 | 963.755,00 | 1.284.580,00 | 1.225.320,00 | 1.309.296,00 | 1.090.000,00 | 1.358.940,00 | 1.122.030,00 |
| 4 | Материјални расходи | 912.312,00 | 755.000,00 | 849.250,00 | 760.000,00 | 1.100.000,00 | 1.200.000,00 | 1.200.000,00 | 1.200.000,00 | 1.560.000,00 | 1.605.000,00 |
| 5 | Ликовна и галериска дејност(а+б) | 2.483.110,00 | 1.561.955,00 | 1.404.279,00 | 1.824.337,00 | 3.113.980,00 | 2.444.916,00 | 1.563.612,00 | 1.724.731,00 | 3.070.000,00 | 2.971.000,00 |
| | *а.)Домашни проекти* | *852.050,00* | *620.377,00* | *593.200,00* | *1.293.437,00* | *1.890.030,00* | *606.919,00* | *826.000,00* | *1.144.731,00* | *2.810.000,00* | *1.260.000,00* |
| | *б.)Меѓународни проекти* | *1.631.060,00* | *941.578,00* | *811.079,00* | *530.900,00* | *1.223.950,00* | *1.837.997,00* | *737.612,00* | *580.000,00* | *260.000,00* | *1.711.000,00* |
| 6 | Музејска дејност | 380.000,00 | 166.193,00 | 150.000,00 | 488.995,00 | 295.000,00 | 1.000.000,00 | 584.000,00 | 634.561,00 | 1.000.000,00 | 430.000,00 |
| 7 | Издавачка дејност | 250.000,00 | 130.000,00 | 220.000,00 | 130.000,00 | 157.792,00 | 305.000,00 | 127.000,00 | 250.000,00 | 403.000,00 | 0,00 |
| | Програма(5+6+7) | 3.113.110,00 | 1.858.148,00 | 1.774.279,00 | 2.443.332,00 | 3.566.772,00 | 3.749.916,00 | 2.274.612,00 | 2.609.292,00 | 4.473.000,00 | 3.401.000,00 |
| 8 | Инвестиции и одржување | 915.285,00 | 0,00 | 0,00 | 224.496,00 | 0,00 | 100.000,00 | 143.000,00 | 5.247.000,00 | 500.000,00 | 660.000,00 |
| 9 | Други приходи(осигурување,затоплување) | 397.228,00 | 397.696,00 | 392.850,00 | 239.236,00 | 733.185,00 | 715.912,00 | 769.723,00 | 602.262,00 | 602.262,00 | 697.666,00 |
| 10 | Отпремнини - (трансфери) | 337.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 581.760,00 | 0,00 | 0,00 |
| 11 | Број на вработени | 38 | 38 | 38 | 38 | 38 | 38 | 36 | 32 | 32 | 33 |

| | Индекси на пораст | ( 95/94 ) | ( 96/95 ) | ( 97/96 ) | ( 98/97 ) | ( 99/98 ) | (00/99 ) | ( 01/00 ) | (02/01 ) | ( 03/02) | (04/03) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **В К У П Н И  ПРИХОДИ** | **80,39%** | **100,02%** | **104,32%** | **119,13%** | **101,67%** | **86,58%** | **146,55%** | **86,66%** | **98,69%** | **0,00%** |
| 2 | Бруто плати | 102,07% | 98,18% | 98,58% | 100,74% | 98,62% | 92,22% | 93,59% | 112,55% | 113,50% | 0,00% |
| 3 | Надоместоци(храна и превоз) | 96,31% | 112,17% | 90,24% | 133,29% | 95,39% | 106,85% | 83,25% | 124,77% | 82,50% | 0,00% |
| 4 | Материјални расходи | 82,76% | 112,48% | 89,49% | 144,74% | 109,09% | 100,00% | 100,00% | 130,00% | 102,88% | 0,00% |
| 5 | Ликовна и галериска дејност | 62,90% | 89,91% | 129,91% | 170,69% | 78,51% | 63,95% | 110,30% | 178,00% | 96,78% | 0,00% |
| | а.)Домашни проекти | 72,81% | 95,62% | 218,04% | 146,12% | 32,11% | 136,10% | 138,59% | 245,47% | 44,84% | 0,00% |
| | б.)Меѓународни проекти | 57,73% | 86,14% | 65,46% | 230,54% | 150,17% | 40,13% | 78,63% | 44,83% | 658,08% | 0,00% |
| 6 | Музејска дејност | 43,74% | 90,26% | 326,00% | 60,33% | 338,98% | 58,40% | 108,66% | 157,59% | 43,00% | 0,00% |
| 7 | Издавачка дејност | 52,00% | 169,23% | 59,09% | 121,38% | 193,29% | 41,64% | 196,85% | 161,20% | 0,00% | 0,00% |
| 8 | Програма(5+6+7) | 59,69% | 95,49% | 137,71% | 145,98% | 105,13% | 60,66% | 114,71% | 171,43% | 76,03% | 0,00% |
| 9 | Инвестиции и одржување | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 143,00% | 3739,16% | 9,35% | 130,00% | 0,00% |
| 10 | Други приходи(осигурување.затоплување) | 100,12% | 98,78% | 60,90% | 306,47% | 97,64% | 107,52% | 78,24% | 100,00% | 115,84% | 0,00% |
| #VALUE! | #VALUE! | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |

**Преглед на средства финансирани од Буџетот на РМ - Музеј на современата уметност "Скопје" - Скопје**




**Преглед на средства финансирани од Буџетот на РМ - Музеј на современата уметност "Скопје" - Скопје**



**Преглед на средства финансирани од Буџет на РМ - Музеј на современата уметност "Скопје" - Скопје**
**ЛИКОВНА И ГАЛЕРИСКА ДЕЈНОСТ**






| р.б | Преглед на финансирани средства | 2002 год | 2003 год | Индекс на пораст 03/02 |
|---|---|---|---|---|
| 2 | Бруто плати | 6.130.186,00 | 6.957.985,00 | **113,50%** |
| 3 | Надоместоци(храна и превоз) | 1.359.940,00 | 1.122.000,00 | **82,50%** |
| 4 | Материјални расходи | 1.560.000,00 | 1.605.000,00 | **102,88%** |
| 5 | а.)Домашни проекти | 2.810.000,00 | 1.260.000,00 | **44,84%** |
| 5 | *б.)Меѓународни проекти* | *260.000,00* | *1.711.000,00* | **658,08%** |
| 6 | *Музејска дејност* | *1.000.000,00* | *430.000,00* | **43,00%** |
| 7 | Издавачка дејност | 403.000,00 | 0,00 | **0,00%** |
| 8 | Инвестиции и одржување | 500.000,00 | 650.000,00 | **130,00%** |
| 9 | Други приходи(осигурување,затоплување) | 602.262,00 | 697.666,00 | **115,84%** |
| 10 | Отпремнини - (трансфери) | 0,00 | 0,00 | **0,00%** |

# МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ СКОПЈЕ
# РАСПРЕДЕЛБА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
## Приходи/Расходи за 2003 год. 13.863.204,00 мкд



**ПРОГРАМА -( ликовна, галериска дејност, музејска дејност и издаваштво)**

**Проекти финансирани од страна на Министерството за култура на РМ за 2003 година**

| Р.Б. | Наслов на проектот | Одобрени средства | Потрошени средства | + | - |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Град-Земја-Река | 50.000,00 | 71.210,00 | 0,00 | 21.210,00 |
| 2 | Концептуален дискурс | 150.000,00 | 240.181,00 | 0,00 | 90.181,00 |
| 3 | Друга визија | 200.000,00 | 454.998,00 | 0,00 | 254.998,00 |
| 4 | Душан Перчинков | 300.000,00 | 562.990,00 | 0,00 | 262.990,00 |
| 5 | ВЕНЕЦИЈА 2003 | 851.000,00 | 851.989,00 | 0,00 | 989,00 |
| 6 | Биенале на млади | 260.000,00 | 304.544,00 | 0,00 | 44.544,00 |
| 7 | Татјана Миљоска | 40.000,00 | 55.367,00 | 0,00 | 15.367,00 |
| 8 | ДЕНЕС 2003 | 0,00 | 15.900,00 | 0,00 | 15.900,00 |
| 9 | Мирослав Масин | 0,00 | 16.284,00 | 0,00 | 16.284,00 |
| 10 | Њујорк (Сергеј Андреевски) | 100.000,00 | 246.870,00 | 0,00 | 146.870,00 |
| 12 | Бајрам Ганзафер | 120.000,00 | 100.000,00 | 20.000,00 | 0,00 |
| 13 | Гоце Наневски | 40.000,00 | 40.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 14 | Јасмина Новковска | 40.000,00 | 48.026,00 | 0,00 | 8.026,00 |
| 15 | Од колекцијата на МСУ | 100.000,00 | 98.829,00 | 1.171,00 | 0,00 |
| 16 | Хане Дарбовен | 50.000,00 | 50.087,00 | 0,00 | 87,00 |
| 17 | Раша Тодосиевиќ | 150.000,00 | 0,00 | 150.000,00 | 0,00 |
| 18 | Петар Хаџи-Бошков | 300.000,00 | 185.904,00 | 114.096,00 | 0,00 |
| 19 | Насмевка молам! | 0,00 | 19.115,00 | 0,00 | 19.115,00 |
| 20 | Ричард Харден | 0,00 | 35.305,00 | 0,00 | 35.305,00 |
| 21 | Ирена Паскали | 40.000,00 | 10.000,00 | 30.000,00 | 0,00 |
| 22 | Димче Николов | 30.000,00 | 0,00 | 30.000,00 | 0,00 |
| 23 | Филмски маратон | 0,00 | 31.242,00 | 0,00 | 31.242,00 |
| 24 | М. Аницин - Фиренца | 100.000,00 | 111.412,00 | 0,00 | 11.412,00 |
| 25 | М. Стилиновиќ | 150.000,00 | 0,00 | 150.000,00 | 0,00 |
| 26 | Обединувачки подарок | 0,00 | 11.468,00 | 0,00 | 11.468,00 |
| 27 | HOMMAGE | 0,00 | 15.200,00 | 0,00 | 15.200,00 |
| 28 | ПРО-АРТ фестивал | 0,00 | 32.550,00 | 0,00 | 32.550,00 |
| 29 | ПОП-АРТ(едукација) | 0,00 | 35.391,00 | 0,00 | 35.391,00 |
| 30 | Нешто помеѓу (едукација) | 0,00 | 13.545,00 | 0,00 | 13.545,00 |
| 31 | Откуп на слик Т. Луловски | 80.000,00 | 80.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 32 | Центар за документација | 250.000,00 | 204.532,00 | 45.468,00 | 0,00 |
| 33 | Големото стакло-списание | 0,00 | 15.000,00 | 0,00 | 15.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **3.401.000,00** | **3.957.939,00** | **540.735,00** | **1.097.674,00** |

**НАПОМЕНА: Разликата меѓу добиените и реализираните финансиски средства во висина од 556.939,00ден. за програмските активности на МСУ - Скопје во 2003 година е покриена со донации, спонзорства и средства од сопствени извори (сметка 785-18 донации и спонзорства во висина од 378.285,00ден. и сметка 787-15 сопствени приходи 178.654,00ден.)**

**Состојба на сметки донации и сопствени средства за период 01.01.03 - 31.12.03**

| Назив на сметка | ПЕРИОД | Влез на с/ка | Излез на с/ка | Остаток |
|---|---|---|---|---|
| Сопствени приходи 1801008656 - 787 15 | 01.01.03-31.12.03г. | 522.918,00 | 521.418,00 | 1.500,00 |
| Донации 1801008656 - 785 18 | 01.01.03-31.12.03г. | 378.285,00 | 378.200,00 | 85,00 |

## ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПОСЕТА И РАБОТА НА МУЗЕЈСКИОТ ПРАКТИКУМ ВО МСУ за 2003.

**ГРУПНА ПОСЕТА:**

**ПОСЕТИ 2003 г. - Основни училишти -** 18 училишта (со повторувани посети) од Скопје, Штип, Прилеп, Битола

Вкупно- 1одд. до 8 одд. Од 7-14 години 2.000 м. 1.072 ж. 928

**ПОСЕТИ 2003 г. - Средни училишта -** 12 училишта (со повторувани посети) од Скопје, Дебар, Берово Кочани

Вкупно - 1 до 4 год. Од 15-18 години 2.820 м.1.623 ж.1.197

**ПОСЕТИ 2003 г. - Факултети - 5** (со повторена посета)

Вкупно - од 1 до 3 год. 0д 19-22 годиним. 460 м. 210 ж. 250

**ВКУПНА ГРУПНА ПОСЕТА: 5.280 посетители**

**ПОЕДИНЕЧНА ПОСЕТА: 1.750 - домашни 400 - странски посетители**

**Вкупно: 2.150 посетители**

**Евидентирани се поединечните посетители на секоја изложба во текот на годината: домашни и странски**

Посетеноста на отворање на изложбите во МСУ изнесува: - 4.350 посетители

Вкупно: 6.500 посетители

**ЕДУКАТИВНИ ПРОГРАМИ И РАБОТИЛНИЦИ:**

Едукативните програми и реализацијата на едукативните проекти се одвива континуирано во текот на учебната година (2002-2003, 2003-2004) и е надополнување и надградување на стекнатите искуства од животот и од училиштето на децата и младите со кои се реализираат овие програми и проекти.

**Реализација од: февруари-јуни; октомври-декември: 127 деца и млади на возраст од 6-17 години -**

**Во МСУ на проектот *НЕШТО ПОМЕЃУ*: 200 деца и млади**

**Вон МСУ со видео проекции, слајдови и трибини во училишта**

**Вкупно: 327 деца и млади, со кои се работеше на реализација на едукативните програми и проекти**

Конечната бројка на посетеност и работа на паракtикумот во МСУ е: **12. 107** посетители



Издавач:
Музеј на современата уметност, Скопје
Одговорен уредник: Емил Алексиев
Фотографии: Станимир Неделковски
Графичко обликување: Стефан Георгиевски
Печат: Принтпоинт, Скопје

Министерство за култура

Музеј на современата уметност - Скопје
Самоилова бб, п.ф. 482, 1000 Скопје
Република Македонија
Тел. (++ 389 2) 311 7734; 311 7735
Факс: (++ 389 2) 311 0123
e-mail: moca@sonet.mk
e-mail: moca@mt.net.mk